# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 01 Год. XVI 31 јануари 2013 г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: 54-та седница

### Совет на општина Василево

1. **ЗАКЛУЧОК** за за усвојување на Финансиот план на ОУ “Гоце Делчев” Василево за 2013г.....................................................................02

2. **ОДЛУКА** за преименување на УДНМ во општина Василево во Урбанистички планови за села во општина Василево.....................................................................02

3. **ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево за 2013 година.....................................................................03

4. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот за 2012 година на општина Василево за периодот од 01.01 до 31.12.2012 година (К1).....................................................................04

5. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за период од 01.01 до 31.12 2012 година (К2).....................................................................04

6. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за периодот од 01.01 до 31.12.2012 година (К3).....................................................................05

### Градоначалник на општина Василево

7. **РЕШЕНИЕ** за разрешување на член и именување на нов член во комисијата за давање на мислење по нацрт плановите за општина Василево.....................................................................05

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на финансискиот план на ООУ,,Гоце Делчев” Василево за 2013 година,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **28.01.2013 година**

Бр.08-328/2 Општина Василево
30.01.2013 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 5/02), член 126 точка 1 алинеја 5 од Законот за основно образование ( Службен весник наРМбр.103/08,116/10,33/10,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12) и член 21 точка 29 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 28.01.2013 година го донесе следниот,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на Финансискиот план на ОУ „Гоце Делчев” Василево за 2013 година

1. Се усвојува Финансискиот план на бр. 03-301/1 од 25.12.2012 година на ООУ „Гоце Делчев” Василево за 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а Ќе се објави во "Службени гласник на ОпШтина Василево".

Бр.07-328/1 Совет на општина Василево
30.01.2013г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за преименување на УДНМ во општина Василево во Урбанистички планови за села во општина Василево,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **25.01.2013 година**

Бр.08-329/2 Општина Василево
30.01.2013 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

-----------------------------------------

Врз основа на чл 46 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 137/07), член 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Пречистен тест), (Сл. весник на РМ бр 60/2011), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/02) и член 21 од Статутот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 28.01.2013 година а донесе следната

**ОДЛУКА**
**за применување на УДНМ во општина Василево во Урбанистички планови за села во општина Василево**

Член 1

Донесените УДНМ за селата: УДНМ за с.Ангелци и Градошорци од 1997 година, УДНМ за с.Сушево од 1998 година, УДНМ за с.Нова Маала од 2000 година, УДНМ за с.Доброшинци од 1988 година, УДНМ за с.Владиевци од 1987 година, УДНМ за с.Радичево од 1988 година, УДНМ за с.Дукатино од 1988 година, УДНМ за с.Седларци од 1987 година, УДНМ за с.Едерниково од 1987 година, УДНМ за с.Требичино од 1988 година, УДНМ за с.Чанаклија од 1988 година, УДНМ за с.Пиперево од 1989 година, СЕ ПРЕИМЕНУВААТ во урбанистички планови за села а согласно член 78 од Законот за просторно и

урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 60/2011) СЕ ПРЕИМЕНУВААТ како урбанистички планови за села и истиот ќе се усогласи со одредбите на овој закон во рок од 4 (четири) години од денот на влегување во сила на овој Закон

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од нејзиното објавување во „Службен гласник на општина Василевог.

Бр.07-329/1 Совет на општина Василево
30.01.2013г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево за 2013 година,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **28.01.2013 година**

Бр.08-330/2 Општина Василево
30.01.2013 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

---

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 61/2004 и 96/2004), член 29-б став еден и членот 2 од Законот за исплата на плата и други надоместоци на пратеници во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката (Службен весник на РМ број 42/2010 година и член 22 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на општина Василево" бр 04/03, 08/06 и 09/10), при што имајќи го во предвид Законот за Извршување на Буџетот на Република Македонија, Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 28.01.2013г ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево за 2013 година**

Согласно препораките на Дописот од страна на Министерството за финансии сектор за буџет и фондови под број 07-36/2 од 14.01.2013 година а во врска со **членот 9** од Одлуката за извршување на буџетот за 2013 година која беше донесена од страна на советот на општина Василево (под број 07-2489/1 од 26,12,2012 година), побараа да се изврши измени на вредноста на бодот (73,85 денари) бидејќи не е во согласност со член 43 од Законот за државни службеници ("Службен весник на РМ" бр.76/2010-пречистен текст), имајќи го во предвид ива се пристапи кон измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот за 2013 година.

**Член 1**

**Се менува членот 9 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево и гласи:**

За вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот изнесува 73,8 денари Согласно членот 43 од Законот за државни службеници ("Службен весник на РМ" бр.76/2010-пречистен текст).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во "Службениот гласник на општина Василево".

Бр.07-330/1 Совет на општина Василево
30.01.2013г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Заклучокот** за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот за 2012 година на општина Василево за периодот од 01.01. до 31.12.2012 година(К1)

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **28.01.2013 година**

Бр.08-331/2 Општина Василево
30.01.2013 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 5/02),член 32 став 1 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 61/04) и член 21 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 28.01.2013 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот за 2012 година на општина Василево за периодот од 01.01. до 31.12.2012 година(К1)

Се усвојува кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за периодот од 01.01. до 31.12.2013 година (К-1).

Составен дел на овој Заклучок е и Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за периодот од 01.01. до 31.01.2013 година(К-1).

Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево".

Бр.07-331/1 Совет на општина Василево
30.01.2013г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Заклучокот** за усвојување на кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2012 година(К2) ,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **28.01.2013 година**

Бр.08-332/2 Општина Василево
30.01.2013 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02),член 32 став 1 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 61/04) и член 21 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 28.01.2013 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2012 година(К2)

Се усвојува кварталениот извештај за доспеаните а неизмирени обврски за период од 01.01 до 31.12.2012 година (К-2)

Составен дел на овој заклучок е кварталниот извештај за доспеаните а неизмирени обврски за период од 01.01 до 31.12.2012 година (К-2)

Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево".

Бр.07-332/1 Совет на општина Василево
30.01.2013г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Заклучокот** за усвојување на кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2012 година (К-3),
што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **28.01.2013 година**

Бр.08-333/2 Општина Василево
30.01.2013 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

---------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02),член 32 став 1 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 61/04) и член 21 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 28.01.2013 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за усвојување на кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2012 година (К-3)

Се усвојува кварталениот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2012 година (К-3)

Составен дел на овој заклучок е кварталниот извештај за промените на состојбата на задолжувањето на општина Василево за период од 01.01 до 31.12.2012 година (К-3)

Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.07-333/1 Совет на општина Василево
30.01.2013г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 17 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр.4/03, 8/06 и 9/10), го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување на член и именување на нов член во Комисијата за давање на мислење по нацрт плановите за Општина Василево

1. Со Оваа Решение се разрешува Иљо Шалев дипл.арх.инг. вработен во ДПУПИ Урбан ДОО Штип - надворешен член во Комисијата за давање на мислење по нацрт плановите за Општина Василево.

2. Се задолжува разрешениот надворешен член Ињо Шалев дипл.арх.инг. во Комисијата за давање на мислење по нацрт плановите за Општина Василево започнатите предмети во кој тој учествуваше согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и неговите подзаконски акти да ги заврши.

3. За надворешен член во Комисијата за давање на мислење по нацрт плановите за Општина Василево се именува м-р Фанула Стамболиева - Бонева дипл. инг. арх. од Струмица.

4. Оваа Решение за разрешување на член и именување на нов член во Комисијата за давање на мислење по нацрт плановите за Општина Василево влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.08-74/1 Општина Василево
14.01.2013 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р